МАРИЈА-ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА

# ЕМИ И КУКЛИТЕ



ЕМАРИ

МАРИЈА-ЕМИЛИЈА
КУКУБАЈСКА

# ЕМИ

# И



# КУКЛИТЕ

ЕМАРИ, Вашингтон - Штип, 2008

МАРИЈА-ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА

# ЕМИ И КУКЛИТЕ

Издавач:
ЕМАРИ Институт
Вашингтон - Штип, 2008

За издавачот:
Александар ДОНСКИ

Ликовни илустрации:
Нада НАКОВА
и
фото документација од
"Македонски центар за карпеста уметност"

Рецензенти:
д-р Душко Алексовски
Јане Јованов

Печати:
"2 август - С" - Штип

ISBN-13 978-9989-2935-1-1

Рецензија на сликовницата "ЕМИ И КУКЛИТЕ"

## ПРАИСТОРИСКИ ПСИХОГРАМ ЗА ДЕТСКАТА КУЛТУРА

Со посебен интерес и внимание пристапив кон рецензирање на ова сликовница која е напишана во вид на поема од дванаесет дела. Бивајќи длабоко свесен за фактот дека сум исправен пред една високо квалитетна литературна креација заснована на интелектуално-емотивни истражувања на хабитатот од личности и појави блиски на авторот, во оваа уметничка и едукативна литература препознав вредности какви ретко денес можат да го растреперат умот и срцето на "кибернетизираниот" човек.

За восприемање на ова детска литература со сериозни валери, потребно е, и меѓу академските и меѓу литературните, како и меѓу читателските консументи на литературата со духовни вредности – да се очекува восприемање со неконтаминирани, чисти, од секуларниот свет "неразурнати души и срца".

Книгата ЕМИ И КУКЛИТЕ инспирира и воодушевува, создава интелектуална погонска енергија за нови дострели, за досега непознати за македонската литература за деца поетски ѕвездија креирани за екселенција во воспитно-образовниот процес на најмладите македонски и светски генерации читатели и ученици на книжевно-етичката мудрост.

Читањето на сликовницата – поема, зачудувачки не исправа пред праисториски психограм кој изнудува и невини детски воздишки и мисловни мистични игри без духовни граници кои се формулирани како фасцинантно интелигентни книжевни и лингвистички игри на поетот-родител. Таквите "игри" се засновани на документирани мигови од комуникација на повеќе димензионални нивоа од кои примарните се: со човековото битие – дете, и со космичко-терестриалните формации "Куклите".Овие димензии едновремено и спонтано и когнитивно ја облагородуваат душата,

пред да бидеме во целост свесни за силината на пораката која зрачи и преку праисторискиот македонски “генијалец” и преку чудото од дете, убавата и умна ЕМИ, израсната на три континенти, во најквалитетен продукт од американската и од македонската духовна, етичка, длабокочовечна култура.

Поемата го остава читателот со впечаток дека таа му е водич за премостувања на милениумите и вековите, со срцето на “детето” на историјата да ни соопшти дека Македонецот одсекогаш не фрлил сидро во културниот океан на милениумите, и дека е дел од тој континуум во кој постојано творел, барал, осмислувал, и оставал неизбришливи траги за своите наследства.

Камените кукли создадени со игра на природата симболично се дел од оваа поема, како симбол на вечното создавање и заминување, на трајноста на постоењето, на “незгинувањето” кое може само да е привидно “невидливо”, а отсуството да е условно “привремено”, зашто тајните на вселената вселена во формите и содржините кои ги среќаваме на земјата – всушност вечно бдеат и господарат преку својата духовна возвишеност над вселенскиот простор на Создавачот на познатото и “непознатото”, Оној кого го нарекуваме Бог.

Симболично една мајка и ќерка ќе се најдат како водат дијалог на рабовите на времето и просторот, среде еден “свет” божествен храм (актуелниот археолошки, палеолошки, палеолингвистички, филозофски и духовен локалит “Куклите”), кој е симбол на светото христијанско учење за духовно здрав и за филозофски осмислен живот.

Поемата го слави делото на природата и делото на човековата духовна екологија (која Марија-Емилија Кукубајска ја има конципирано и истражувано како “Екологијата на Душата”) , како вечна инспирација на луѓето од меѓународни, глобални простори и времиња, како обсерватор и медијатор помеѓу животот на нејзиното дете и чудата на природата.

“Куклите – македонски сведоци на моја праисторија”…

…чуда ќе се случат од тие кукли…
на проверка пред вечноста што стасаа:
рај на земјата да покажат, умни срца да снажат".
(цитат од ЕМИ И КУКЛИТЕ)

Поемата упатува на судбинската божествена енергија диригирана од еден единствен божествен центар, инкорпорирана во бескрајниот душевен океан на човековата свест и потсвест, на онаа Алфа и Омега на се што се случува во вселената околу нас и во нас самите, возрасни мислители или деца на големите учители. Поемата ги надминува видливите граници на времето и кореспондира со она што се случува во минати и следни милениуми на фасцинантните а толку природни прашања и теми на човековиот гениј: зошто сме овде, на земјата, до кога и до каде сме, и за што… како битие кон битие, родител кон дете и дете кон родител, зошто – ако не за највозвишеното – љубовта!?

**Доцент д-р Душко АЛЕКСОВСКИ**
Универзитет Гоце Делчев – Штип,
Основач и Претседател на
Македонски Центар за карпеста уметност

Рецензија на сликовницата "ЕМИ И КУКЛИТЕ"

# СИНЕРГИЈА НА КАМЕНОТ И ДУХОТ

Сонцето наше пресветло и чисто, благонаклоно кон нашата душа и симбол на добрината и величието – Сонцето како почеток и крај, се проткајува континуирано низ книгата – тоа го носи животот а куклите како неми сведоци го гледаат животот на нивните сопственици како се вивнува на сончевите зраци:

„ Со сонцето мислам најмила сила
од твоите гради се свила во златно гнездо
околу нашите кукли...".

Словата ни се даваат за да не успокојат. Словата не успокојуваат и словата ја завршуваат својата работа: бескрајно се раѓаат во нашите човечки лавиринти на неспокојство – и пак не успокојуваат. Компарирано, ту се пилиња кои со нивната нежна појава „со клунчињата не бакнуваат" и не учат на „јазикот на природата од која извира мир...". крила ни даваат и самите ги пишуваат зборовите кои не умираат, а се тука да ја завршат нивната света дејност да не носат „ и со главче и со срце кон слатки соништа во ѕвездена ноќ – кон Божја семоќ.".

Словата се химна, а раѓањето на овие зборовни музеи и пејзажи се утврдување на таа величествена композиција. Таа химна никогаш не се сокрива во несреќа, таа толку повеќе свети, колку што потемна е маглината на тишината. Но љубовта овде, претставена со графиката на алфавитот наш не може да се доживее и опише – само тој кој љубел и бил љубен е во состојба детално да ја опише љубовта. Тој кој вистински ја почувствувал „плаче од восхит во небесните опсерватории".

**Јане ЈОВАНОВ,** Универзитет "Гоце Делчев" - Штип
Директор - Руски центар, Штип

# СОДРЖИНА:


| | |
|---|---|
| 1. Еми - будна сонува | 5 |
| 2. Еми - се радува | 7 |
| 3. Еми - мисли со срцето | 9 |
| 4. Еми - во пресрет на сонцето | 11 |
| 5. Еми - со Божјото јајце | 13 |
| 6. Еми - пиле | 15 |
| 7. Еми - море | 17 |
| 8. Еми - родена со крилца | 19 |
| 9. Еми - книга/ѕвезда | 21 |
| 10. Еми - слика | 23 |
| 11. Еми - наука | 25 |
| 12. Еми - Божиќ | 27 |
| Праисториски психограм за детската култура | 29 |
| Синергија на каменот и духот | 33 |
| Белешка за авторот | 35 |
| Содржина | 36 |

√

**ПОЧИТУВАНИ,**

На 6, ноември, во 13 частот, во Домот на Културата "Ацо Шопов"- Штип, ќе се одржи промоција на ЕМИ И КУКЛИТЕ од авторот Марија-Емилија Кукубајска.

Сликовницата е прва детска книга од ваков вид во светот, во која уметничкото мајсторство на Нада Накова, и палеолингвистичките наоди на Д-р Душко Алексовски се интегрираат во славење на космичките убавини на детскиот дух и неговиот сооднос со апстрактноста на вечноста, со каменот, камените Кукли крај Кратово, и со душата на цивилицазијата на македонската и светска палеолингвистика.

Моралните доблести во оваа книга презентираат интелигентна, свечена духовна екселенција во воспитување и негување на убавината на детската душа и љубов кон луѓето, светот, животот.

Наградите за 2008 година доделени од ЕМАРИ Институтот за промоција на едукацијата за морал и историја на културата -ќе им бидат врачени на

- НАДА НАКОВА (за сликарство) и на
- Д-Р ДУШКО АЛЕКСОВСКИ (за научно-истразхувачки есеј од областа на моралот во литературата).

Рецензенти на ЕМИ И КУКЛИТЕ се Д-р Душко Алексовски и Јане Јованов (Филолозофски Факултет - Универзитет „Гоце Делчев" - Штип).

Колективни или поединецхни нарачки на книгата се вршат преку:

maria_kubaiska@yahoo.com

Со почит,
**ЕМАРИ ИНСТИТУТ - ШТИП**
075 499 784